04-138/2
06 11 4

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на РСМ бр.39/96....208/24), и член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.Весник на РСМ бр.27/14,199/14,27/16, 35/18,198/18, 143/19,14/20 и 208/24), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас за унапредување на даватели на јавни услуги донесен од Управниот одбор на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп бр.02-92/2 од 28.02.2017 година и Годишниот план за вработување на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп за 2024 година заведен под бр.01-175/1 од 24.08.2023 година ,усвоен со Одлука на Совет на Општина Прилеп бр.09-3114/6 од 20.09.2023 година и позитивно мислење од МИОА бр.09-4415/6 од 04.12.2023 година, ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп објавува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 4/2024

За пополнување на работни места со унапредување на даватели на јавни услуги во ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп

- 1 (еден) извршител за работно место **„ Помошник раководител на сектор за технички работи и развој"** , шифра на работното место КДР 03 05 А03 190,

Кандидатот треба да ги поседува следните **посебни услови**:

- За нивото А стекнати најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; („Инженерство и технологија" (машинско инженерство, електрично инженерство, електронско инженерство и информатичко инженерство, градежништво))

- други посебни услови:
работно искуство, и тоа:
- за нивото А3 и А4 најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една години на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда,
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место

Распоред на работно време:

- неделно работно време: од понеделник до петок
- работни часово неделно:40
- работно време со почеток во 07:00 и завршеток во 15:00 часот, а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа

Паричен нето износ на основна плата: 48.818,00 денари

Покрај горенаведените посебни услови, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови и тоа:
- да е државјанин на РСМ
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место

-со правосилна судска пресуда да не му е изрешена казна забрана за вршење на професија должност или дејност

На интерниот оглас може да се јави давател на јавна услуга, вработен во ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување е на работното место пропишани за соодветното ниво, согласно Законот за јавните претпријатија, Правилникот за систематизација на работните места, Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас.

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп, секој работен ден од 07 до 15 часот, со назнака за интерен оглас.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп
Директор
Игор Гулабоски